Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 05.01.2021

На 04.01.2020 околу 10.15 часот, полициски службеници на СВР Тетово – ОВР Гостивар го лишиле од слобода М.Н.(32) од с.Здуње, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При претрес во неговиот дом на 02.01.2020, извршен со судска наредба, била пронајдена марихуана. Тој бил приведен и задржан во Полициската станица Гостивар и со соодветна пријава бил изведен пред судија во претходна постапка на Основен суд Гостивар, кој му одредил мерка притвор од 30 дена, по што бил спроведен во Казнено – поправната установа „Затвор Скопје".

На 03.01.2021 во 22.50 часот, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода Б.Т.(35) од Прилеп, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.01.2021 во 15.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на Средно Водно ги лишиле од слобода И.Д.(28) и Д.С.(28), двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.01.2021 во 02.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Карпош го лишиле од слобода Р.И.(21) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.01.2021 во 04.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Карпош го лишиле од слобода Т.Д.(20) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него биле пронајдени таблети. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.01.2021 во 08.30 часот на патот Могила - Будаково се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „југо корал", со битолски регистарски ознаки, управувано од Б.Т. (62) од с.Д.Чарлија и патничко возило „форд фиеста", со битолски регистарски ознаки, управувано од Д.М.(42) од с.Радобор, општина Могила. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот во возилото „југо", Г.А.(54) од с.Д.Чарлија, додека со телесни повреди се здобил Б.Т. и сопатникот во возилото „форд", Д.М.(41) од с.Радобор, констатирани во Клиничка болница Битола. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 04.01.2021 во 02.30 часот било пријавено дека на регионалниот пат кај с.Велешта се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „даеву тико", со битолски регистарски ознаки, управувано од И.Ј.(24) од с.Велешта и патничко возило „митсубиши галопер", со германски национални ознаки, управувано од Н.М.(23) од с.Лабуништа, струшко. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил 17 - годишен сопатник во возилото „даеву тико", констатирани во Медицинскиот центар Струга. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Струга.

На 04.01.2021 во 10.50 часот во Полициската станица Гази Баба, Н.В.(21) од Скопје пријавил дека на ул.„Коце Металец" бил каснат од куче скитник.

На 04.01.2021 во 13.30 часот на патот Прилеп – Градско, во близина на с.Тројаци, патничко возило „нисан", со грчки национални ознаки, управувано од А.Л.(69) од Република Грција, излетало од патот. По незгодата, А.Л. бил пренесен во Здравствен дом „Борка Талески" во Прилеп, но по кратко време починал. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Прилеп и Јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 04.01.2021 во 12.45 часот во Полициската станица Аеродром, Д.К.(31) од Скопје пријавил дека на бул.„Трета македонска бригада" бил каснат од куче скитник.

На 04.01.2021 во 11.45 часот, полициски службеници од СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар, врз основа на наредба од Основен Суд Гостивар, го привеле Ѓ.М.(32) од гостиварското село Здуње за издржување затворска казна за сторено кривично дело „неовластено производсво и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" по член 215 од Кривичниот законик. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа „Затвор Тетово" за издржување на затворската казна.

Денеска (05.01.2021) околу 12.30 часот, полициски службеници на СВР Тетово-ОВР Гостивар, на улиците „Беличица" и „Кеј Вардар" во Гостивар ги лишиле од слобода Е.М.(32) од гостиварска Долна Бањица, кај кого при преглед бил пронајден хероин и 30-годишниот гостиварец С.А. затоа кај него била пронајдена марихуана. Двајцата се задржани во Полициската станица Гостивар и по документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

СВР Велес поднесе кривична пријава против правно лице – угостителски објект од Неготино и Д.Ч.(72) од Неготино, сопственик и управител на правното лице, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 13.12.2020, полициски службеници извршиле контрола во угостителскиот објект и констатирале дека работи и во него се затекнати гости после предвиденото време за работа до 21.00 часот.

На 04.01.2021, врз основа на Наредба од судија на претходна постапка, полициски службеници од ОВР Струга извршиле претрес во домот на И.Ј.(25) од струшкото село Велешта. При претресот биле пронајдени и одземени куршуми за автоматска пушка калибар 7,62 милиметри и куршум за пиштол, калибар 9 милиметри. По целосно документирање на случајот, ОВР Струга ќе поднесе соодветна пријава.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Ш.Ш.(64) од струшкото село Делогожда поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижност". Тој во текот на 2020 година, во сопство на инвеститор, на јавен пат во селото во државна сопственост, без соодветно решение, изградил бетонска ограда. Од извршениот инспекциски надзор било констатирано дека пријавениот неовластено узурпирал државно земјиште, по што било донесено решение со кое на инвеститорот му се наредува да ја отстрани нелегалната градба.

На 04.01.2021 во 18.45 часот во СВР Скопје, Ј.С.(41) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 04.01.2021 во 09.00 часот во Полициската станица Драчево, С.В.(42) од Скопје пријавил дека од дома се оддалечила неговата мајка Ј.В.(63). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 04.01.2020 во 15.50 часот во Полициската станица Чаир, Д.С.(37) од Скопје пријавила дека на ул.„30" била касната од куче скитник.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Љ.А.(35) од с.Василево, струмичко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 01.12.2020 во казино во с.Василево, пријавениот со закана од вработената одзел пари.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против И.Б.(20) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 28.12.2020 во Струмица, полициски службеници извршен преглед во напуштена остава во склоп на куќа, која привремено ја користел пријавениот, при што биле пронајдени и одземени 5815 парчиња различни пиротехнички средства.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Љ.У.(59) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службената положба и овластување" и „фалсификување или уништување деловни книги". Пријавениот, вработен во ЈП „Национални шуми", подружница Ш.С. „Шумарство" Свети Николе, на 23, 24 и 25.09.2020, постапувајќи по барања за обезбедување со шумски сортименти поднесени од М.И., С.М. и И.А., сите од с.Сопот, издал „дозвола за сеча", а потоа изготвил деловни книги „приемница за сеча" со „приемница за дотур" и испратница за превоз во кои внел невистинити податоци и се стекнал со противправна имотна корист, оштетувајќи го Ш.С. „Шумарство" Свети Николе.

На 04.01.2021 во 21.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Јабланица" во Скопје настанал пожар во патничко моторно возило „ауди А4" со скопски регистарски ознаки, сопственост на С.Ј.(52) од Скопје. Увид извршила екипа на СВР Скопје.

На 04.01.2021 во 15.00 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека од Јавна Установа за згрижување деца-организационата единица Козле се оддалечила штитеничката А.Е.(18). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет